**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**9-ти октомври, 2008**

## Македонија

**Ранг: 89**

**Македонија се искачува нагоре во светската конкурентност**




Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД објавува дека, **Република Македонија** на листата на глобална конкурентност 2008/2009 на Светскиот економски форум е рангирана на 89-то место од 134 држави, што е за пет места погоре во споредба со ланскиот извештај.

Најконкурентни држави на светот се САД, Швајцарија, Данска, Шведска, Сингапур, Финска, Германија, Холандија, Јапонија и Канада, а на дното на листата се Чад, Зимбабве, Бурунди, Мавританија и Мозамбик.

Од земјите во регионот поконкурентни од Македонија се Словенија (42), Хрватска (61), Црна Гора (65), Грција (67), Романија (68), Бугарија (76) и Србија (85), а помалку конкурентни во светски рамки се БиХ (107) и Албанија (108). Државите на листата се рангираат според десетина критериуми, поделени во три области – бизнис опкружување, услови за ефикасност и фактори за градење на бизнис капацитети и иновации.

Меѓу проблематичните фактори за работење во Македонија се наведуваат нестабилната политика, неефикасната владина бирократија, пристап до финансиите, лоша етика на работната сила, корупцијата, даночната регулатива. Како ограничувачки фактори се набројуваат и неадекватната инфраструктура, необразована работна сила, инфлацијата, владината нестабилност, даночните стапки, криминал и кражби, рестриктивното законодавство за работна сила, јавното здравство и регулативите за странски валути.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk